РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 03-2674/1

Скопје 25.06.2020г.

Предмет: Дневен извештај на Агенцијата

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај **за 24-ти јуни 2020** година.

Во рамки на овој извештај ве известуваме за следното:

- Согласно Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година, донесена на 22 јуни 2020 година од Владата на РСМ, Советот на Агенцијата, на 24 јуни донесе ново Упатство за лимитите за платено полититичко рекламирање за Изборите во 2020 година. Упатството по електронски пат веднаш беше доставено до сите радиодифузери и објавено на нашиот веб сајт.

- Со допис, исто така, објавен на сајтот, радиодифузерите беа потсетени на сите обврски од Изборниот законик што се применуваат за време на изборната кампања.

- Агенцијата ги заврши подготовките и за мониторингот на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања и за мониторингот на платеното политичко рекламирање во контекст на потврда на извештаите на радиодифузерите за реализирани услуги што се доставуваат во ДИК за

исплата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање, и активностите започнаа со првиот ден од кампањата.

- Освен вработените од надлежните сектори, за спроведување на овие законски обврски привремено се вработени 19 надворешни соработници. Во зависност од интензитетот на активностите, бројот на соработници може да се зголеми.

- Веднаш по Вашиот допис за информативната и едукативна кампања „Ти си на ред“, од сите радиодифузери беше побарано да ја поддржат и да ја емитуваат означена како „бесплатно емитување“.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на директорот**

---------------------------------------------------

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**